Врз основа на член 383, 384, 387, 388 и 388-а од Законот за трговските друштва, а во врска со член 34, 35 и 37 од Статутот на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА А Д Скопје, Одборот на директори

**ОБЈАВУВА**
**ЈАВЕН ПОВИК**

До акционерите, за свикување на Годишно собрание на Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, за деловната 2016 година.

Седницата на Собранието ќе се одржи на ден 17.05.2017 година (среда) со почеток во 12:00 часот во просториите на винскиот ресторан на СКОВИН АД Скопје, на ул.15-ти Корпус бр.3 во Скопје.

За работата на седницата на Собранието се предлага следниот:

# ДНЕВЕН РЕД

I. **Процедурален дел**

- Избор на претседавач на Собранието;
- Избор на бројач на гласови;
- Избор на верификациона комисија;
- Извештај на верификационата комисија;

II. **Работен дел**

1. Разгледување и одобрување на:

-Годишната сметка за деловната 2016 година,со предлог-одлука за одобрување на Годишната сметка за деловната 2016 година, и предлог-одлука за распределба на добивката за 2016 година,

-Финансиските извештаи за деловната 2016 година, ревидирани од овластен ревизор, со предлог-одлука,

-Годишниот извештај за работењето на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за деловната 2016, со предлог-одлука.

2. Разгледување и одобрување на Годишниот извештај од работата на Службата за внатрешна ревизија на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА за 2016 година, со предлог-одлука.

3. Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за деловната 2016 година, со предлог- одлука.

4. Расправа и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за начинот на водење на Друштвото, со предлог- одлука.

5. Избор на членови на Одбор на директори

- Донесување одлука за престанување на мандатот на членовите на Одборот на директори поради истек на времето за кое се избрани.
- Донесување одлука за избор на членови на Одбор на директори.

6. Донесување одлука за определување награда за неизвршните членови на Одборот на директори со предлог-одлука.

7. Донесување одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје.

8. Донесување одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2017 година.

**Согласно член 383 став 3 од ЗТД записникот ќе го води нотар.**

Вкупниот број на акции во ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје се 161.540 обични акции, од кои:

- **16.000 обични сопствени акции**
- **вкупниот број акции и вкупниот број гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик се 145.540.**

Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото Собрание е должен да го пријави своето учество на Собранието (Пријава за учество на Собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се доставуваат до ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на ул.Македонија бр.11-А во Скопје.

Секој акционер може да овласти со полномошно (физичко или правно лице) свој полномошник на Собранието на Друштвото, со давање на полномошно во писмена форма, согласно одредбите од Законот за трговските друштва. Акционерот треба веднаш, по писмен пат, да го информира Друштвото, за назначување свој полномошник на Собранието, преку Архивата на Друштвото. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за дадено полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното. Полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој му го дал полномошното, освен во случај ако полномошното не содржи ограничувања или инструкции за гласање.

За полномошник на Собранието може да бидат овластени лица кај кои има конфликт на интереси, само под услов ако тие претходно им обелоделиле на акционерите дека кај нив има конфликт на интерес и добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од

акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници, за секоја предложена одлука за гласање по точките од дневниот ред на седницата на Собранието за која им важи полномошното.

Обрасците за гласање преку полномошник се достапни за преземање од интернет страницата на Друштвото www.lotarija.com.mk

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на Дневниот ред, во согласност со Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва.

Гласањето на точките од Дневниот ред ќе се врши на начин во согласност со Статутот и Законот за трговските друштва.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас, можат да предложат дополнување на Дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка, како и да предложат усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во Дневниот ред, а сето тоа во рок од 8(осум) дена од денот на објавувањето на овој повик, до Одборот на директори по писмен пат.

Секој акционер има право да поставува прашања за секоја од точките на Дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото. Одговор на поставените прашања се дава на самата седница или преку интернет страницата на Друштвото.

Материјалите и документите подготвени за Собранието, како и дополнителните информации во согласност со Законот за трговските друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во седиштето на Друштвото, и на официјалната интернет страница на Друштвото www.lotarija.com.mk

**ОД бр. 02-20/33**
**05.04.2017**
**Скопје**

**ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**Претседател**
**Драган Наков**

**Членови:**

**Митко Димов**

**Тодор Сејзов**